KOMUNA E ÇAIRIT
ОПШТИНА ЧАИР

KRYETARI I KOMUNËS - ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА

Bul. Hristijan T. Karposh Nr. 5 | Бул. Христијан Т. Карпош бр. 5
Tel: 02/2603-019 | faks: 02/2616-867
info@cair.gov.mk | www.cair.gov.mk

Nr. / Бр. 09-208/2 prej / од 28.01.2015 година

---

До
Државен завод за ревизија
Ул. "Македонија" 12/3 - Скопје

**Предмет: Известување по Нацрт извештај**

Почитувана г. Тања Таневска,

За овој временски период од доставувањето на Нацрт извештајот од ДЗР до Општина Чаир (29.12.2014 година) и доставувањето на Забелешките на Назцрт извештајот од страна на Општина Чаир (28.01.2014), ви ги доставуваме сите преземни мерки и активности поврзани со наодите од Нацрт извештајот. Исто така, Согласно член 32 од Законот за Државна ревизија ("Службен весник на РМ" број 66/2010, 145/2010, 12/2014 и 43/2014) се обврзуваме дека Општина Чаир ќе ги преземе сите мерки и активности да одговори на сите Наоди и да ве Извести согласно горeспоменатиот член од Законот.

1. **Наод ДЗР (стр. 15) :** Согласно Законот, раководителот на Секторот за финансиски прашања е должен да изготви План за воспоставување на ФУК и методологија за спроведување на планот. Во Општина Чаир, лицето кое е овластено привремено да ги врши задачите на раководител, во досегашниот период не изготвил План за ФУК, што не е во согласност со член 12 став 1 од ЗЈВФК. (Прирачник, образец бр. 6 стр 123)

   **Известување Општина Чаир :** Општина Чаир има донесено Решение за формирање на работна група за изготвување на План за воспоставување на ФУК со архивски број 09-173 од 22.01.2015 година.

2. **Наод ДЗР (стр. 19) :** Овластено лице за плаќање е лицето со времено извршување на задачите на раководител на Секторот за финансиски прашања, врз основа на решение за генерално овластување од Градоначалникот, во јануари 2012 односно во мај 2013 година. Работите на благајник ги извршува вработено лице - администратор за материјално финансиско сметководство, во одделението за материјално финансиско сметководство, без донесен акт за времено вршење на работи и задачи на благајник од страна на градоначалникот, со што не е

постапено по член 20 од ЗЈВФК. Од друга страна, треба да се има предвид и одредбата во член 13 став 3 од Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси, според која лицето кое ги врши благајничките работи, покрај другото, не смее да води сметководствена евиденција на финансиските обврски.

**Известување Општина Чаир :** Општина Чаир има издадено Овластување за Благајник со архивски број 08-202 од 28.01.2015 година. Исто така Општината има донесно Решние за Овластено лице за плаќање под архивски број 08-1296/2 од 27.05.2014.

3. **Наод ДЗР (стр. 19) :** Во општината нема назначено лице за вршење на ex-post финансиска контрола, и истата не се врши, со што не е постапено по член 21 од ЗЈВФК. Поради наведеното не се врши проверка на финансиските обврски, расходи или приходи, откако трансакцијата е целосно завршена.

   **Известување Општина Чаир :** Општина Чаир има издадено Овластување за ex-post финасиска контрола со архивски број 08-203 од 28.01.2015 година.

4. **Наод ДЗР (стр. 25) :** Не се врши верификација од страна на одговорните лица, кои се задолжени за проверка и контрола односно не постои писмен доказ (потпис и извештај) дека документацијата е разгледана од соодветните назначени одговорни лица во процедурата.

   **Известување Општина Чаир :** Во 2015 година во Општина Чаир се врши верификација од страна на одговорните лица, кои се задолжени за проверка и контрола односно со соодветен писмен доказ (потпис и извештај).

5. **Наод ДЗР (стр. 25) :** Во Општина Чаир не е назначено лице за следење на реализацијата на договорите за јавни набавки кое што ќе има задача да врши споредба на фактурираните видови на материјали или работи, количина и цена во фактурите или ситуациите во однос на договорените.

   **Известување Општина Чаир :** Општина Чаир има назначено лице за следење на реализацијата на договорите за јавни набавки со Овластување со архивски број 08-1977 од 30.12.2014 година.

6. **Наод ДЗР (стр. 27) :** За голем дел од опремата со која располага општината применети се стапки на амортизација кои не се во согласност со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

   **Известување Општина Чаир :** Имаше одредени недостатоци во поглед на точното одредување кој вид на опрема во која амортизациона група припаѓа. За овие недостатоци се преземни мерки и истите веќе се корегирани. Во прилог на овој документ ви испраќаме и Список на амортизациони групи со соодветни амортизациони стапки.

**Се надеваме дека преземените мерки и активности од страна на Општина Чаир за отстранување на пропустите утврдени во наодите од Нацрт извештајот ќе ги земете предвид и дека во вашиот Конечен извештај во генералните заклучоци ќе ги потенцирате.**

Изготвил :
Раководител на секторот
за внатрешна ревизија
Африм Усеини

Kryetari i Komunës së Çairit
Izet Mexhiti